З А П И С Н И К

Од 10-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 30.04.2026 година со почеток од 09:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа раководител во финансии Ивана Минова-Богданова, директор на ЈУ-Детска градинка "Ѕвездички"-Моника Накова, Јулијана Стојанова-основач на ЗРР "Наше Јато", Ивана Миленкова Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор и Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков: Почитувани присутни, почитувана јавност, добар ден. Ја отварам 10 тата редовна седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Записникот од 9-тата редовна седница го имате пред вас, дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор записникот го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***Записникот од деветата седница.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 10-тата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година (прв Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година)
2. Извештај за реализација на Одлуки донесени од Советот на Општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2026 година
3. Предлог член на управен одбор во ЈУ-Детска градинка "Ѕвездички"
4. Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци
5. БАРАЊЕ финансиска подршка за реализирање проектни активности од страна ЗРР "Наше јато" – Општина Чешиново-Облешево
6. Предлози, прашања и барања

Претседател на совет Горанчо Димишков: Отварам претрес по дневниот ред, дали некој бара збор?

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

Бидејќи беше побарано од страна на ЗРР "Наше Јато", прва точка да биде нивната, советениците се сложија.

5. БАРАЊЕ финансиска подршка за реализирање проектни активности од страна ЗРР "Наше јато" – Општина Чешиново-Облешево

Јулијана Стојанова: Ви благодарам за можноста по што по втор пат Ви се обраќам и да Ви посакам убав ден и успешна работа. Ние како воздрасни луѓе мораме да имаме обврски и потикнати од тие морални обврски го формиравме Наше Јато со цел да се спречат некои работи што за жал секој ден ни се случуваат. Наше Јато најпрво беше формирано како настана пожарот во Пулс. Ние како здружение мораме да имаме партнер а тоа е Општината и заедно со вас. Ние како здружение имаме обврска, имаме соработка со повеќе лица од здруженија што се активни. Сакаме да ги обучеме децата за традиционална храна, да ги обучеме децата со некои техники, тоа ни се обучувачи кои ќе земат учество сите школи од Општина Чешиново-Облешево. Ќе видеме децата за што се заинтерсирани. Ние како граѓани треба да дадеме се за Општината и исто и вие за нас. Ние со градоначалникот потпишавме договор за соработка. Имате ги сите предлогот и ако сте расположени да работеме ние како граѓански сектор, да дадеме допринес во Општината и да аплицираме за проекти.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советници** е усвоен ***БАРАЊЕ финансиска подршка за реализирање проектни активности од страна ЗРР "Наше јато" – Општина Чешиново-Облешево***

1. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година (прв Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година)

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова.
Ивана Минова-Богданова: Кога го гласавме буџетот за 2026 година ви кажав дека ќе има измени во јуни затоа што имаме дополнување од пракса со предходните години и тоа согласно член 9 став 2 од законот за финансирање на локалната самоуправа. Имаме основе дел 4,5 %од данокот на додадена вредност остварен во предходната фискална, дел на перформанси 0,75, дел на уедначивање 0,75. Ние имаме зголемување 6.660.018, дел на перформанси 2.442.662 или вкупно 9.102.680. И предходно Ви бев најавила дека имаме планирано на одредени ставки само за неколку месеци во годината и затоа имаме зголемување кај советот, кај градоначалник,кај општинската администрација. Кредитот што е земен во предходните мандати исто беше планиран само првите транши. Комуналната такса за јавното осветлување исто беше планирана само за неколку месеци, сега е зголемено, исто и за сезонците. Кај градинката немаме промени а школите си имат зголенеми само заприходите од минатата година и се распоредени по ставка како што имат потреба. Ако имате прашање конктретно за некоја ставка, повелете прашајте.
Претседател на комисија за финансии буџет и даноци-Грозде Митров: Благодарам на сите, комисијата за финансии и буџет одржа комисија. Ребалансот беше разгледан и имаше објаснување од лицето задолжено за финансии и буџет. Беше едногласно изгласано.
Претседател на совет Горанчо Димишков: Дали некој има збор?
Грозде Митров: Јас го разгледав буџетот за ребалансот и имам неколку предлог одлуки. Од ставката 410120 барам 60.000 денара за црквата во Теранци .
Ивана Минова-Богданова: Тоа се плати за државни службеници а нема нови вработувања.
Грозде Митров: А новите вработувања од која ставка земат плата?
Ивана Минова-Богданова: Вработените што се од агенцијата за вработување а сеуште не е пуштен оглас. Не е ова за вработени што ќе дојдат нови.
Бранко Стоименов: Зошто е овој износ?
Ивана Минова-Богданова: Тука се работи за лап-топите што моментално ги користите а не се платени.
Бранко Стоименов: Јавна набавка веќе направена а не се предвидени средства во буџет.

Ивана Минова-Богданова: Да, затоа што немавме средства.
Бранко Стоименов: Требало да бидат предвидени. Знаев дека е за нив, знаев дека јавна набавка се прави одкако ќе бидат превидени средствата а овде се обратно поставени работите. И затоа нема да го подржам овој ребаланс.
Грозде Митров: Сакам да се надоврзам на дискусијата, ова предвидување е закаснето а може да испадне и кривично. Прво се предвидуват средства па после се прави набавка.
Ивана Минова-Богданова: По теорија е така а во пракса е малку поразлично.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **7 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Измени и дополнување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година (прв Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година)***

2. Извештај за реализација на Одлуки донесени од Советот на Општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2026 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова

Емилија Анастасова: Извештај за реализација на одлуки донесени на Советот на Општина Чешиново-Облешево за период 01.01-31.03.2026. Наброени се сите одлуки за тој период, за првот тромесечје а после одлуката е дали одлуката е реализирана или дали кје се реализира.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Извештај за реализација на Одлуки донесени од Советот на Општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2026 година***

3. Предлог член на управен одбор во ЈУ-Детска градинка "Ѕвездички"

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на раководител Моника Накова.

Моника Накова: Добар ден претседателе, барањето за промена на член во управен одбор беше доставено до вас на разгледување пред 2 седници. За промена на член во управен, представник од министерство, советот го назначува и разрешува по предлог од Министерот. Општинската администрација поднесе барање за предлог до

министерство, вратено ни е известување дека нивен предлог е Мелита Ацева од село Кучичино.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен Предлог член на управен одбор во ЈУ-Детска градинка "Ѕвездички"

4. Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анатасова: И предходно имавме меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци. Општина Зрновци тражат од нас меѓуопштинска соработка во областа на заштита на животната средина и комунални работи.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **5 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ, 4 ВОЗДРЖАНИ советници не** е усвоена ***Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци***

Бранко Стоименов: Вака претседателе согласно член 90 од Деловникот за работа на Општина Чешиново-Облешево барам поименично гласање.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: По поединечното гласање со 5 гласа за, 4 воздржани и 2 против не е усвоен предлогов за воспоставување за меѓуопштинска соработка.

6 Предлози, прашања и барања

Претседател Горанчо Димишков: Кој има прашање?

Грозде Митров: За сечењето на боровите, има луѓе што ги местат бандерите и ако може градоначалникот да се јаве да ги исчистат и боровите.

Претседател Горанчо Димишков: Ќе го известам градоначалникот.

Бранко Стоименов: Дали Грдагоначалникот има намера да се почне со исплата на паушалите, Ве молам пренесете му го прашањето на градоначалникот.

Претседател Горанчо Димишков: Ќе му пренесам на Градоначалникот.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 9-тата редовна седница.

Советот заврши во 09:40 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____